РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ВО СКОПЈЕ
Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје
ул. „16-та Македонска Бригада“бр. 3, п. фах 223, 1000 Скопје
Тел. (02)6154660; Факс (02)6154590

Бр. 02-496/2-XIII-4
18.12.2023 год.
Скопје

Врз основа на член 110 став 1 точка 8 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ" бр. 82/2018 и „Службен весник на РСМ“ бр. 178/2021) и член 66 став 1 точка 8 од Статутот на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 446/2019), Наставно - научниот совет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје, на седницата одржана на 18.12.2023 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за избор во соработничко звање - асистент

1. Наставно-научниот совет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје, врз основа на оценката дадена во Рефератот за избор во соработничко звање-асистент на Рецензентската комисија објавена во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 1296 на 1.12.2023 год., го избра м-р Никола Михајловски во соработничко звање - асистент од наставно-научната област 41102 Друго-технологија на финалното производство, на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.
2. Рокот за кој се врши изборот од точка 1 на оваа Одлука е за време од три години, со право на уште еден избор, согласно Законот за високото образование.
3. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

## *Образложение*

На конкурсот за избор во соработничко звање – асистент во горенаведената наставно-научна област, објавен од страна на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер-Скопје во дневните весници *Нова Македонија* и *Коха* на 18.11.2023 год., се пријави м-р Никола Михајловски вработен на Факултетот како наставен кадар на работно место виш лаборант во Лабораторија за тестирање на мебел согласно Правилник за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје (Анекс бр. 12) (Универзитетски гласник број 575/2021).

Наставно-научниот совет на Факултетот, изјаснувајќи се по предлогот на Рецензентската комисија содржан во Рефератот за избор објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, донесе Одлука како во диспозитивот на истата.

Декан

Проф. д-р Ѓорѓи Груевски

*Доставено до:*
- МОН;
- Именованиот;
- Одд.за финансиско, сметководствено и мат. работење
- архива/правна служба.